Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 25 став 3 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14 и 151/14), на седницата одржана на ден 27.11.2014 година, донесе

# ТАРИФЕН СИСТЕМ

## за изменување и дополнување на

## Тарифниот систем за продажба на електрична енергија на домаќинства и мали потрошувачи

### Член 1

(1) Во Тарифниот систем за продажба на електрична енергија на домаќинства и мали потрошувачи („Службен весник на Република Македонија“ бр.97/14), членот 25 се менува и гласи:

„ (1) Одредбите од овој Тарифен систем ќе се применуваат и за тарифните потрошувачи што ќе се снабдуваат од снабдувачот на електрична енергија за тарифни потрошувачи, а до 30 јуни 2020 година регулираниот максимален приход за снабдувачот за тарифни потрошувачи ќе се определува според Правилникот за цени на електрична енергија за тарифни потрошувачи.

(2) Малите потрошувачи во зависност од годишната потрошувачка на електрична енергија и домаќинствата се тарифни потрошувачи со следнава временска динамика:

1) до 30 јуни 2016 година, мали потрошувачи со потрошувачка на електрична енергија во 2015 година над 1000 MWh,
2) до 30 јуни 2017 година, мали потрошувачи со потрошувачка на електрична енергија во 2016 година над 500 MWh,
3) до 30 јуни 2018 година, мали потрошувачи со потрошувачка на електрична енергија во 2017 година над 100 MWh,
4) до 30 јуни 2019 година, мали потрошувачи со потрошувачка на електрична енергија во 2018 година над 25 MWh, и
5) до 30 јуни 2020 година, домаќинствата и сите останати мали потрошувачи на електрична енергија.“

### Член 2

(1) Овој Тарифен систем за изменување и дополнување на Тарифниот систем за продажба на електрична енергија на домаќинства и мали потрошувачи влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

**бр. 01-2607/1** **ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Скопје, 27 ноември 2014**

**Димитар Петров**